

# СРЕЌНА НОВА 2012 ГОДИНА И ЧЕСТИТ БОЖИЌ

# Општина Карпош Неделен Е-Билтен

Изготвува: Одделение за односи со јавност

**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко б.б**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**

# ЗАПАЛЕН ТРАДИЦИОНАЛНИОТ БАДНИКОВ ОГАН ВО КАРПОШ





Со голем огномет, пита со париче, поп и традиционално предавање на кумството, пред илјадните присутни граѓани од Влае, Тафталиџе и Карпош, на 5ти јануари беше запален големиот бадников оган во пресрет на Исусовото раѓање-Божиќ.

И оваа година општина Карпош ја организираше централната манифестација на палење на бадниковиот оган, со посна трпеза и греана ракија, многу музика и добро расположение. До доцна во ноќта Карпошани се дружеа, пееја и забавуваа во друштво со градоначалникот Стевчо Јакимовски и првите луѓе на општинската администрација, со што со пиетет ги одбележаа овие два големи христијански празници, Бадник и Божиќ. Среќата да биде годинешен кум и паричето му припадна на 26 годишниот Никола Дабижлевиќ кој во таа пригода изјави:„Пресреќен сум што мене овој пат ми падна паричката, нешто што го посакувам со години. За мене таа навистина е симбол на среќа, здравје и благосостојба, што им поскаувам на сите жители на Карпош, но и на Скопје и на цела држава. Можам да ветам дека ние, помладата генерација ќе сториме се оваа убава традиција да продолжи и да се негува и во иднина“, изјави Дабижлевиќ.





**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко б.б**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**

















## ХРИСТОС СЕ РОДИ! ВИСТИНА СЕ РОДИ !